ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| | |
|---|---|
| Датум: | 26.05.2020 |
| Тема: | **Патувам во вселената** |

**Возрасна група: 4-6 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето демонстрира способност да истражува и да открива нови работи.<br>- Детето покажува истрајност во преземените активности.<br>- Детето демонстрира знаење за количина, бројки и броење.<br>- Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност. |
| Цел на активноста: | - Да развива способности и стратегии за користење на старите знаења и искуства во стекнување нови поими и претстави.<br>- Да се поддржува детето во истрајноста во процесите на учењето и откиривањето.<br>- Да се поттикнува способноста за поврзување на количината (број на елементи) со симболите на броевите.<br>- Да се стекнува со вештини за користење на разни ликовни техники. |
| Активност | **Вселенско патување** |
| Опис на активноста | На почеток на активноста потсетете се што работевте во изминатиот период. Повторете за сонцето, месечината ѕвездите, сончевиот систем.Разговарајте за тоа каде се наоѓаат тие ( во вселената).<br>Денеска ќе се запознаеме со вселената и нејзините вселенски тајни. Големиот воздушест простор кој не опкружува се нарекува вселена. Вселената ја сочинуваат: сонцето, ѕвездите, соѕвездијата, планетите, месечината и уште многу мали небесни тела. Ноќе кога небото е чисто и јасно има многу ситни точки кои ги нарекуваме ѕвезди. За подобро да ги видиме потребен ни е телескоп. Сигурно ќе се запрашате кој ги открива и истражува вселенските тајни. Човекот од секогаш го интересирало што имало во вселената и дали има некој живот. Таа авантура им припаѓа на космонаутите кои се обучени да живеат и работат во вселената, вселенските летала, ракети. Космонаутот е облечен во специјален скафандер кој му помага да го лади. Откако ќе се облече космонаутот потребно му е повеќе време да дише чист кислород пред да полета во вселената со ракета, вселенски брод. Првиот космонаут што летал во вселената се викал Јури Гагарин. За да им биде полесно и поубаво визуелно да разберат за вселената можете да ја разгледајте и прочитајте сликовницата „Волшебната фотелја” од Е-занимална на следниот линк:<br>https://youtu.be/Ux7fymg1rWE<br><br>Ајде сега да повториме и да се потсетиме за планетата Земја – таа е нашиот дом. Дали се сеќавате колку планети има во нашиот сончев систем? (9). Ајде да ги наброиме: Меркур, Венера, Земја, Марс, Јупитер, Сатурн, Уран, Нетун, Плутон. |

| | |
|---|---|
| | Сите планети имаат фома на круг, имаат различна големина (големи-мали)различна боја и имаат различно растојание.<br><br>1.Сега ќе играме еден квиз да видиме што сме научиле:<br>- Природен сателит на Земјата (месечина).<br>- Човекот кој лета во вселената (космонаут).<br>- Како се викаат авионите во кои летаат во вселената? (вселенски брод, ракета).<br>- Кој бил првиот космонаут што летал во вселената? (Јури Гагарин).<br>- Колку планети има во земјата? (9)<br><br>2. Бидејќи се запознавме со космонаутот и неговата облека сега да бидеме креативни и  на различни начини да изработиме космонаут или да нацртаме. Ајде сега да ја разбудиме нашата фантазија и да изработиме: вселенски брод, летечки чинии. Разгледајте ги сликите и одберете по ваша желба што ќе изработите.<br>3. Додека ја слушаме песната „Космонаут” да ги затвориме очињата и да патуваме во вселената и во нејзините волшебни тајни. |
| Потребни материјали | Амбалажен материјал, алуминска фолија, самолеплива хартија, лепило, пластични тањири, дрвени бои, фломастери,водени и темперни бои. |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=VDKkbbJBgUU<br>https://www.youtube.com/watch?v=nuoFTuvgwb0<br> <br>  |















**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства.<br>- Детето може да го збогати својот речник и да покаже напредок во правилниот говор.<br>- Детето може да ја одржува рамнотежата на телото.<br>- Детето може да воспостави контрола на движењата на дланките и прстите. |
| Цел на активноста: | - Да се поддржува кога пројавува интереси за стекнување нови знаења.<br>- Да се оспособува за правилно разгледување на сликовницата и да се поттикнува и развива интерес и љубопитност за нивно користење.<br>- Да се оспособи детето да одржува рамнотежа при трчање.<br>- Да се развива способноста да витка,тутка и лепи хартија и други материјали. |
| Активност | **Вселенска фантазија** |
| Опис на активноста | Дечиња ајде да се потсетиме за сончевиот систем, каква форма и боја има сонцето, каква форма и боја има месечината, какви се планетите по боја и |

| | |
|---|---|
| | големина.<br>За им биде полесно и поубаво визуелно да разберат разгледајте и прочитајте им ја сликовницата „Волшебната фотелја” од Е-занимална на следниот линк:<br>https://youtu.be/Ux7fymg1rWE<br>или<br>https://www.youtube.com/watch?v=Ux7fymg1rWE<br><br>Децата ќе се запознаат со сончевиот систем односно со планетите. Разговарајте за космонаутите кои што често патуваат во вселената за да истражуваат. Поттикнете ги децата да раскажуваат по серии и слики од сликовницата „Волшебната фотелја”.<br>1. На месечината стоеше една ѕвездичка која ги броеше планетите:<br>Меркур - еден Сатурн - шест<br>Венера - два Уран - седум<br>Земја - три Нептун - осум<br>Марс - четири Плутон - девет<br>Јупитер – пет<br>2. Покажете им на децата слики од вселенски летала: летечки чинии, вселенски бродови. Поттикнете го детето да ја развива својата креативност и фантазија во изработувањето на вселенските летала.<br>3. Сега малку да се размрдаме и да поиграме:<br>Детето нека клекне и да имитира звук на вселенско летало, кога ќе биде подготвено нека станува и нека почне да трча во круг со рацете горе со леталото. Трчајте побрзо и бројте од еден до десет. |
| Потребни материјали | Амбалажен материјал, алуминска фолија, самолеплива хартија, лепило, пластични тањири, дрвени бои, фломастери, водени и темперни бои. |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=nuoFTuvgwb0<br>https://www.youtube.com/watch?v=Ux7fymg1rWE<br>  |

| | |
|---|---|
| |      |

**Возрасна група: 2-3 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето може да ракува со играчки и разни предмети за општа употреба.<br>- Детето може да воспостави контрола на движењето на дланките и прстите.<br>- Детето се гордее со своите постигања и верува во своите способности. |
| Цел на активноста: | - Да се развива способноста кај детето,да ги разглобува и повторно да ги составува деловите од играчките и предметите.<br>- Да се развива способноста да тутка,цепи и лепи хартија и други материјали.<br>- Да се поттикнува да ги развива радоста и задоволството од усешно завршената работа. |
| Активност | **Патување низ ѕвездите** |
| Опис на активноста | За почеток дозволете им на децата да го гледаат анимираниот филм „Лет до месечината" за подобро да се запознаат со вселената. На тој начин ќе ги воведете во денешните активности каде детето од коцки може да изгради |

| | |
|---|---|
| | ракета (коцки кои ги имате дома).<br>Потоа со децата изработете „Ѕвездено небо”. На темна основа лист во боја или хамер со жолта боја насликајте со водени бои ѕвездички (можете и да печатите со компир така што исечете го во форма на ѕвездичка и со жолта боја печатете).<br>Разговарајте со своите деца за планетите во вселената (за нивната форма и боја). На децата од бел лист хартија исечете им планети во форма на кругови (големи-мали) и нека ги обојат во различна боја со дрвени бои и фломастери. Потоа на хартиен тањир со конец обесете ги планетите. Исто така можете и во хартија во боја или салфетки да изработите планети. |
| Потребни материјали | хамер (темна боја), водени бои, фломастери, дрвени бои, конец, салфетки, хартиен тањир, компир. |
| Прикачување на слика, линк, или видео | https://www.youtube.com/watch?v=-dOk9CT2CSc<br>     |

| | |
|---|---|
| |   3 |